Врз основа на член 31 став 4 и член 234 став 3 од Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 35/05), министерот за правда донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОСНОВНИОТ СУД И УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА БРОЈОТ И РАСПОРЕДОТ НА СЛУЖБЕНИТЕ СЕДИШТА НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се определува бројот на извршителите за подрачјето на основниот суд и се утврдуваат критериумите за бројот и распоредот на службените седишта на извршителите на подрачјето на Република Македонија.

Член 2

Бројот и распоредот на службените седишта на извршителите на подрачјето на Република Македонија и нацрт распоредот на тие седишта односно бројот на извршителите за подрачјето на Основните судови на територијата на Република Македонија, се утврдува врз основа на податоците за правосилните и извршни одлуки и податоците за конечните управни одлуки кои гласат на парични побарувања за подрачјето на Основниот суд, врз основа на постојниот број на извршни судии и бројот на тековните предмети на подрачјето на Основниот суд како и врз основа на развиеноста на правниот сообраќај и бројот на жителите за подрачјето на Основниот суд и меѓусебната поврзаност на подрачјата од различни Основни судови.

Член 3

1. За подрачјето на Основен суд Берово и Основен суд Делчево, се утврдува број од 2 извршители.

2. За подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен, се утврдува број од 5 извршители.

3. За подрачјето на Основен суд Виница и Основен суд Кочани, се утврдува број од 2 извршители.

4. За подрачјето на Основен суд Гевгелија, се утврдува број од 2 извршители.

5. За подрачјето на Основен суд Гостивар, се утврдува број од 3 извршители.

6. За подрачјето на Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино, се утврдува број од 3 извршители.

7. За подрачјето на Основен суд Кичево, се утврдува број од 2 извршители.

8.За подрачјето на Основен суд Кратово и Основен суд Крива Паланка, се утврдува број од 2 извршители.

9.За подрачјето на Основен суд Куманово, се утврдува број од 4 извршители.

10. За подрачјето на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар, се утврдува број од 6 извршители.

11. За подрачјето на Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево, се утврдува број од 3 извршители.

12. За подрачјето на Основен суд Скопје I и Основен суд Скопје II, се утврдува број од 20 извршители.

13. За подрачјето на Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш, се утврдува број од 4 извршители.

14. За подрачјето на Основен суд Тетово, се утврдува број од 5 извршители.

15. За подрачјето на Основен суд Велес, се утврдува број од 2 извршители.

16. За подрачјето на Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе, се утврдува број од 4 извршители.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-456/1
2 февруари 2006 година
Скопје

Министер за правда,
**Мери Младеновска Ѓорѓиевска,** с.р.